# ОБУКА
# - ОСНОВНИ ЗНАЕЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА -

Според Законот за безбедност на храната (Сл. Весник на РМ бр.157/10, 53/11, и 1/12) и Правилникот за поблиските барања по однос на стручната подготовка и основните знаења за безбедност на храната и Програмата за стекнување на основни знаења за безбедност на храната, условите кои треба да ги исполнат правните и физичките лица кои спроведуваат обуки за основните знаења за безбедност на храната, во согласност со правилата за добра хигиенска пракса, заштита на животна средина, начинот на проверката на знаењата и издавањето потврди за стекнати основни знаења за безбедност на храната донесен од Агенцијата за храна и ветеринарство (Сл. Весник на РМ бр.5/13),

*Центарот за јавно здравје-Скопје спроведува:*

- ☑ *Обука за основните знаења за безбедност на храната, правила за добра хигиенска пракса и заштита на животната средина*
- ☑ *Проверка на стекнатите знаења (писмен тест)*

*На кандидатите кои ја минале обуката и проверката Центарот за јавно здравје-Скопје им издава:*

- ☑ *Потврда за стекнати основни знаења за безбедност на храната.*

*На лицата кои не ја поседуваат веќе еднаш добиената Потврда Центарот за јавно здравје-Скопје им издава:*

- ☑ *Потврда за изгубениот документ.*

*Предавањата се одржуваат во Центарот за јавно здравје-Скопје, секоја среда и петок од 8 часот, во салата на Одделението за социјална медицина.*

*Обуката опфаќа вкупно15 предавања на следните теми:*

- *Законодавство од областа на безбедноста на храната*
- *Безбедност на храна*
- *Болести кои се пренесуваат преку храна*
- *Хигиена во синџирот на храна*
- *Лична хигиена*
- *Хигиена на објекти за производство и промет на храна*
- *Контрола на безбедноста на храната*
- *Безбедност на храната и животната средина*

*Писмениот тест клиентите го полагаат секој понеделник од 9 до 9 $^{45}$ часот.*

*Кандидатите кои редовно ја следеле Обуката и го положиле тестот може да ја подигнат ПОТВРДАТА ЗА ОСНОВНИ ЗНАЕЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА во Одделението за Социјална медицина, секој вторник, од 9 до 15 часот, кај за таа задача задолженото лице, Магдалена Јованова.*